Engineering progress
Enhancing lives

# Create Difference. Grow Business.



## Highlights 2020

REHAU



# Прашања на денешнината

Како можам успешно да ја водам мојата компанија во иднината?
Како можам да постигнам повеќе со дигитализацијата?
Како можам да го направам домот на моите клиенти уште побезбеден?
Како прозорците придонесуваат за одржливоста?
Како да го зголемам квалитетот?



# Одговори од РЕХАУ

Диференцирање од другит е клуч за успех на пазарот за прозорци.

Уверете ги клиентите со врвни решенија кои се паметни, иновативни и одржливи. Штедете го времето иперсоналот во своите процеси.
На овој начин ќе го зголемите успехот на Вашата компанија.
Ние ќе Ви покажеме како.

# Со иновативни решенија за прозорци, паметни технологии, услуги и одржливост, РЕХАУ постојано и понатаму го развива пазарот.

Откријте ги нашите пионерски решенија за 2020 година.

www.rehau.com/sites-mk/fensterbau-2020



# Поголеми, пошироки, поразнобојни,...

Зголемени барања што во иднина веќе нема да Ви приредуваат главоболки!
Поголема стабилност и постојаност на формата за помалку рекламации и задоволни клиенти.
Сеопфатно портфолио на производите со паметни додатоци за дополнителен бизнис.



# Паметни решенија

Паметните производи сè повеќе стануваат составен дел во најразличните области на нашето секојдневие. Заземете ја најдобрата позиција со РЕХАУ при продажбата на паметни решенија. Во 2020 година, ќе ги прикажеме понатамошниот развој и новите области за примена. Создадете нови полиња за развој.



# Дигитални услуги

Другите индустрии секојдневно покажуваат како дигитализацијата ги подобрува Вашите процеси и го зголемува квалитетот. Време за промена во индустријата за прозорци. Покажуваме нови решенија со кои ќе може поефикасно да ги обликувате Вашите процеси во секојдневниот бизнис и начинот на кој ќе може да го надминете недостигот од квалификувани работници во монтажата.



# Одржливи производи

Постои само една планета на којашто можеме да живееме. Затоа, мораме поодговорно да постапуваме со нашите ресурси. РЕХАУ има посебна одговорност за луѓето и животната средина. Ние ќе ви покажеме како со нас можете да станете трендсетер во однос на животната средина и да дадете активен придонес.



# Поголема стабилност на формата, модерни технологии

## Нови можности

РЕХАУ си постави задача да развие прозорци што се модерни како и нашиот живот.

Прозорци со предностите на иновативната технологија – и разновидните можности за дизајн. Прозорци за сите објекти – и сите барања.

**Ново ниво на ефикасност**
РЕХАУ прозорците уверуваат со поголемата стабилност на формата, а со тоа и помалку поплаки. Тоа за Вас значи помалку рекламации и помалку трошоци за сервис.

**Ново дефинирање на големините на прозорците**
РАУ-ФИПРО ИКС е материјал од висок квалитет за прозорски крила до висина од 2,80 m (во боја до 2,70 m). Благодарение на големиот удел од стаклени влакна, може да се изостави челичното армирање кај 90 % од сите профили на крила.

**Дизајн на прозорците, индивидуален како и Вашите клиенти**
Без оглед дали станува збор за тековни трендови во дизајнот или безвремена елеганција, нашата сеопфатната програма за површини и бои КАЛЕИДО КОЛОР ќе ги воодушеви Вашите клиенти. Така, на пример, го нудиме најефикасното решение за мамливо вистински изглед на дрвото и ексклузивни алуминиумски површини.

# Лизгачки систем за нови челни групи

## СИНЕГО Слајд (SYNEGO Slide) од РЕХАУ изненадува во секој поглед.



## Економски најдоброто решение

Високите барања за дихтување во изградбата на објектите можат одлично да се контролираат со овој систем – а сега, исто така, и во опсегот на средна цена. Новиот концепт ја поедноставува употребата со долгорочно беспрекорна функционалност.
СИНЕГО Слајд (SYNEGO Slide) во овој сегмент ја има најдобрата вредност на топлинската изолација.

**Едноставна конструкција**
Јасното намалување на комплексноста овозможува огромна заштеда при работа, од производство до монтажа. Освен тоа, производството тече во класичната линија. Отворете нови потенцијали и зголемете ја Вашата заработувачка.

**Плус за удобноста на живеењето**
Атрактивниот дизајн создава елегантен премин помеѓу внатрешноста и надворешноста. Вашите клиенти ќе се воодушеват од лесното лизгање.



# Паметен дополнителен бизнис

## Генерирајте дополнителна продажба со нашето сеопфатно портфолио на додатоци.



**Скајфорс (Skyforce)**
Понудете заштита од пад со највисоките карактеристики за дизајн. Сертифицираното системско решение кое совршено се интегрира преку покриениот зацврстувачки систем и индивидуално прилагодливата боја.



Информативно видео

**Маханичка блокада за стакло**
Комплетно новото решение го обезбедува стаклото во крилата и рамките според RC 2 – целосно без лепење. Понудете додадени вредности!

**Продажен потенцијал**
Искористете ја шансата да им продадете прилагодени решенија на Вашите клиенти.

**РАУЦЕРО**
Подниот праг од 0 mm создава премини без бариери. Совршено прилагодено на нашите СИНЕГО (SYNEGO) и ГЕНЕО (GENEO) системи на куќни и балконски врати.



**ЛИНЕА (LINEA) рачки за врати и прозорци**
Со својот едноставен изглед, тие ги потенцираат јасните линии на современите прозорци. А со патентираниот механизам за заклучување дури и се грижат за дополнителна безбедност.



**Внатрешни рамки на прозорци**
Прилагодени на дизајнот и изгледот на прозорецот, го комплетираат решението за Вашите клиенти. Висококвалитетните и трајни површини уверуваат преку едноставната нега и оптички соодветното дополнување на прозорците.

# Системски решенија за секој пазар

## Со нашето интернационално искуство на пазарот од повеќе од 60 години, знаеме за посебните барања на локалните пазари. И за тоа нудиме специјални решенија.

**Prestige**
Овој систем од 70 mm нуди извонредни карактеристики на изолацијата за градби што штедат енергија. Достапен во различни бои и површини, Prestige-дизајнот на РЕХАУ е ново решение за јужноамериканскиот пазар.



**RIO Flush Fit**
Во Велика Британија, прозорскиот систем од 70 mm RIO Flush Fit го потенцира стилот на англискиот дизајн. Притоа може да се избира од три различни решенија за дихтување. Со КАЛЕИДО ВУДЕК се овозможува уникатен изглед на дрво.

**Delight**

Во регионите со силен мраз, РЕХАУ Delight е совршен прозорски систем. Елегантниот дизајн што овозможува 10 % повеќе светло во просториите од другите системи на пазарот, сигурно се грижи студот да остане надвор, а топлината внатре.

**СИНЕГО (SYNEGO) NL**

Оваа економична алтернатива на системскиот карактер на Design 70 има целосна функционалност и покрај намалениот обем на профилот. Со примена на 3-слојното застаклување, се остваруваат подобрени вредности на топлинската изолација.

**Invisifold**

Panorama Swing-дизајнот е иновативно решение за рамката на лизгачко-ротирачките прозорци и врати. Со оваа економична алтернатива на склопувачко-лизгачките елементи, можна е изведба на крила во било кој број.



# За Вас отвораме нови полиња за развој.



## Паметно стакло – на копче



**За приват-ност во домот**

**Паметна приватност**
Одделни сегменти на прозо-рецот може да се вклучуваат да бидат провидни или непровидни. Комплетно удобно преку посебно направена апликација.

## Решенијата на РЕХАУ само што се побрзи од се она што досега го знае пазарот – туку сега за првпат може индустриски да се засенува.

**Паметно засенување**
Со прогресивното затемнување, паметното засенчување создава не само индивидуална заштита од сонце, туку заштитува и од топлина.









# Безбедност за домот

## Револуцијата нуди превентивна заштита од провала за прозорците и на тој начин создава добро чувство за Вашите клиенти.

**Незабележително**
инсталиран, Смарт Гард во прозорските рамки активно се грижи за превентивна безбедност.

**Интелигентни сензори**
ги регистрираат провалниците и самостојно ја стартуваат одбранбената програма.

**Три степени на надградба**
ги исполнуваат сите барања на клиентите сè до поврзување на паметниот дом.

**Компатибилен**
За секој РЕХАУ прозорски систем. Смарт Гард е дополнителен производ за сите новоградби и објекти за реновирање.

# Паметно проветрување

## Благодарение на ГЕНЕО Смарт ИНОВЕНТ, прозорците проветруваат додека се затворени.

Целосно интегрираниот систем се грижи за клима со чувство на благосостојба со здрав воздух, поголем мир и безбедност.

Во комбинација со централа на Паметниот дом, како и сензорите, ГЕНЕО Смарт ИНОВЕНТ проветрува целосно автоматски 24 часа.

Иновативно решение, со кое можете да се издвоите од конкуренцијата и да инспирирате многу групи на клиенти.





# Збогум на недостигот од квалификувани работници. Оптимизирани процеси.



## Ново откритие за полесна монтажа на прозорците

Со JustSmart, РЕХАУ направи раволуција на процесот на монтажа на прозорците.

Прилагодувањето на прозорците од страна на стручни лица чини пари и време, а истовремено доведува до бројни рекламации доколку не се направи како што треба.

Комплетот за монтажа за целосно автоматско пролагодување е многу едноставен за ракување. Потребна Ви е само една алатка за речиси секоја ситуација на градилиште. Со тоа значително се скратуваат процесите за прилагодување и се испорачува најдобар квалитет при секоја монтажа.

**Информативно видео**


REHAU


REHAU Connect

# Плус за Вашиот продажен процес

## Генерирајте значително повеќе бизнис и истовремено поедноставете ја обработката на налозите.

**Генерирање на заинтересирани клиенти**
Иновативната платформа испорачува нови контакти од заинтересирани клиенти, кои директно може и понатаму да бидат контактирани од истата.

**Разговор со клиенти**
РЕХАУ Конект дава подршка преку уверливата и модерна 3Д-визуелизација.

**Обработка на налозите**
Со РЕХАУ Конект, се врши планирање, создавање на понуда, внес на налог, и создавање на потврдена и дигитализирана документација директно од системот.
На тој начин, веќе нема да се потребни рачно нацртаните цртежи со соодветен потенцијал за грешки.

**Едноставна употреба**
Софтверот ккој се наоѓа на облак е едноставен за ракување и е интуитивен во користењето. Тој работи на сите крајни уреди – без оглед дали е Windows или Mac, десктоп или таблет.

## На овој начин се организираат разговорите за продажба.



# Визиите стануваат реалност

Планирањето со BIM наскоро ќе стане стандард.

BIM-решението на РЕХАУ создава безбедност при планирање за архитектите, овозможува рано препознавање на грешките и се грижи за брзо, дигитализирано вмрежување на архитектонското планирање со монтажерите на прозорци.

Профитирајте од вмрежената комуникација – по должината на целиот синџир на вредности.

# Ефикасни и транспарентни работни процеси

## Одиме по нови патишта во управувањето со градилиштата и услугите.

**Информативно видео**

Со ИДЕНТИТЕТ НА ПРОЗОРЕЦОТ (Windows ID) на РЕХАУ, во секое време преку паметен телефон, ќе може да се повикаат сите релевантни технички податоци за прозорецот.



**Информација за прозорецот со притискање на копче**

**Заштеда на време на самото градилиште**
Благодарение на Windows ID, распределбата на прозорците може да се изврши пред самата монтажата, на лице место.

**Утврдување на временските интервали за сервис**
Можно е снимање на препорачани временски интервали за сервис на прозорецот. На крајните клиенти ова може да биде понудено како дополнителна услуга.

**Услуга за пост-продажба**
Сопственикот сосема едноставно со скенирање може да активира дополнителна нарачка, на пр. на дефектно прозорско стакло. Не е потребно повторно земање на мерки.

**Urban Mining**
Целиот животен циклус на прозорецот до рециклирање е документиран во потполност и може да се повика во секое време. На тој начин осигуруваме дека старите прозорци повторно ќе бидат вратени во новите генерации на профили.



# Еколошка свест во иднина



## Активна одржливост

Како активна компанија ширум светот, РЕХАУ има посебна одговорност за луѓето и за животната средина.

На овој начин, ние постојано ја оптимизираме нашата употреба на ресурси, како и енергетска ефикасност во нашите фабрики и производи. Прозорските профили на РЕХАУ со ознаката за производ EcoPuls оставаат позитивна еколошка трага. Постигнете поени со нив кај Вашите клиенти!

# Факти и бројки

Кружниот циклус на вештачките материјали целосно го имаме во своите раце – од враќање на старите прозорци, преку преработката во висококвалитен гранулат, па се до производството на нови прозорци. Вонашите прозорски профили EcoPuls, уделот на рециклиран материјал веќе изнесува над 40 %.

Преку сеопфатните мерки и активности во областа на одржливоста, за нас е можно да заштедиме 97.000 тони $CO_2$ годишно.

Ова одговара на заштеда од околу 7.800.000 дрва на површина од околу 137.000 фудбалски игралишта.




**REHAU EcoPuls**

Sustainability Competence



# Отворете нов потенцијал за бизнис со РЕХАУ. Ние сме вистинскиот партнер на Ваша страна со кој ќе се издвоите од другите и ќе постигнете развој - денес повеќе од кога и да било.



**Поголеми, пошироки, поразнобојни...**



**Паметни решенија**



**Дигитални услуги**



**Одржливи производи**



Сакате да дознаете повеќе за тоа како може да станете уште поуспешни со РЕХАУ?

Договорете термин за разговор:
**www.rehau.com/sites-mk/fensterbau-2020**

Ве молиме земете ги во предвид соодветните технички информации за производите, кои се достапни на www.rehau.com/ti. Правото на технички измени е задржано.

Понатамошни информации на

**www.rehau.com/sites-mk/fensterbau-2020**

© РЕХАУ Дооел
Борис Трајковски 76б
1000 Скопје

730777 MK 05.2020